# РОДИТЕЛСКИ ПЕРЦЕПЦИИ ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА МЕДИУМИТЕ ОД СТРАНА НА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ

Дејан Филиповски
Марија Давчевска

# АПСТРАКТ

Ова истражување ги прикажува родителските перцепции и искуства во врска со користењето на медиумите (телевизија, интернет, игри итн.) од страна на децата со аутизам. Истражувачката методологија вклучува полуструктурирани интервјуа со родители на 22 деца со аутизам, кои се репрезентативен примерок, односно се разликуваат по возраст, пол, образование и економска состојба, со вклучен етички пристап, при што во интервјуата се прикажуваат нивните лични искуства и перцепции. Истражувањето дополнително вклучува користење дневници за набљудување кои ги водат родителите за период од 30 дена. Со анализа на интервјуа со родителите на деца со аутизам се открива дека употребата на медиумите често се забележува како средство за подобрување на комуникациските вештини на нивните деца. Родителите често наведуваат дека интерактивните програми и видеоигрите им помагаат на децата да развијат способности за собирање информации и проблемски решенија. Од анализата на дневниците на набљудување, повеќе од половина од родителите се изјаснија за позитивни ефекти од употребата на медиумите врз емоционалната регулација на децата. Исто така, беше откриена значителна корелација помеѓу времето трошено пред телевизор или интернет и нивната способност за справување со стресни ситуации. Истражувањето открива дека медиумите имаат значителен потенцијал да го подобрат животот на децата со аутизам, особено во контекст на емоционална регулација и социјализација. Сепак, како препорака, потребен е балансиран пристап и поддршка од страна на родителите за да се избегнат негативните ефекти и да се максимизираат предностите на употребата на медиумите во овие случаи. Заклучоците од ова истражување се од големо значење за развојот на инклузивни политики на децата со аутизам и претставуваат основа за развој на подобрени стратегии и програми што ќе ги подобрат условите за живот и вклученоста на оваа популација во различни сегменти на заедницата.

**Клучни зборови:** родителски перцепции, медиуми, деца со аутизам

# 1. ВОВЕД

Децата со аутизам се соочуваат со различни предизвици во секојдневниот живот, во комуникацијата, во социјалните интеракции, како и во когнитивните процеси. За родителите и семејствата на овие деца, внесувањето на медиумите во нивниот живот може да има значително влијание врз нивната секојдневна рутина и квалитетот на животот. Медиумите, како што се телевизијата, игрите, интернетот и други дигитални апликации се потенцијален инструмент за едукација и терапија. За децата со аутизам, медиумите можат да претставуваат пристапен начин за учење различни вештини и знаења. Во многу случаи, интерактивните игри и програми можат да го стимулираат когнитивниот развој и да ја подобрат способноста за социјализација. Соодветно интегрирани, медиумите можат да им помогнат на децата со аутизам да развијат комуникациски вештини и да се адаптираат во различни социјални контексти. За родителите и семејствата, употребата на медиуми може да биде различна во два аспекти. Прво, медиумите можат да служат како ресурс за едукација и поддршка, обезбедувајќи информации за техники и поддршка за развој на децата. Второ, медиумите можат да бидат одмор за родителите, што може да помогне во намалување на стресот и во одржување позитивни односи во семејството. Во современото дигитално општество, телевизијата, интернетот, социјалните мрежи, видеоигрите, медиумските платформи обезбедуваат широк спектар на содржини и интеракции кои имаат значајно влијание врз социјалалниот, емоционалниот и когнитивниот развој кај децата со аутизам. Влијанието на медиумите врз нив е комплексно и може да варира во зависност од индивидуалните карактеристики и потреби на секое дете. Децата со аутизам често имаат предизвици во разбирањето и учењето на социјални норми и интеракции. Медиумите, како што се видеоматеријалите и социјалните мрежи, можат да им обезбедат безбеден и контролиран начин да ги учат и да ги вежбаат социјалните вештини, како што се разговорот и разбирањето на емоциите. Интерактивните медиуми, како што се компјутерските игри и апликациите за развој на јазичните вештини, можат да бидат ефективен начин да се подобрат комуникациските вештини кај децата со аутизам. Овие алатки често нудат визуелна поддршка и интеракција, кои им помагаат на децата да ги разберат и изразат своите мисли и потреби. Некои деца со аутизам реагираат посебно на различни сензорни стимули. Медиумите можат да бидат корисен алат за поддршка во развојот на сензорните вештини преку игри, аудиовизуелни содржини и интерактивни искуства кои ги стимулираат различните сетила. За најголем број на децата со аутизам, индивидуализирани и персонализирани пристапи се од суштинско значење. Медиумите можат да понудат флексибилност и можности за адаптирање на содржината според потребите и интересите на секое дете. Иако медиумите имаат значителни предности, важно е да се внимава на потенцијалните негативни аспекти, како што се прекумерното користење, изложеност на несакани содржини или социјални проблеми во виртуелното опкружување. Секое дете со аутизам е различно и може да има различни реакции и придобивки од медиумите. Затоа, важно е да се разгледуваат индивидуалните потреби и да се користат медиумите како дел од комплексни програми за развој и терапија кои се адаптирани за секое дете.

## 2. ПРЕГЛЕД НА ЛИТЕРАТУРАТА

Во светот постојат истражувања кои даваат дополнителни примери за тоа како различните медиуми и технологии можат да се искористат за поддршка и развој на децата со аутизам. Тие ги анализираат различните аспекти од употребата на медиумите, со цел да се подобри квалитетот на живот на овие деца и да се подобри нивната социјална, когнитивна и комуникативна функционалност. За влијанието на телевизијата врз децата со аутизам се добиваат информации како телевизиските програми можат да влијаат врз социјалните и комуникациските вештини кај децата со аутизам. На пример, студијата на Dissanayake и др. (2014) ја истражувала реакцијата на децата со аутизам на различни типови на телевизиски програми и нивниот социјален развој. Во студијата на Ploog и др. (2014), се согледува потребата од дигитални медиуми и интернет кај децата со аутизам, како тие се вклучуваат и реагираат на дигиталните медиуми и на интернетот, а исто така се анализираат предностите и предизвиците во употребата на технологиите за децата со аутизам. Постојат бројни студии кои се фокусираат врз перцепциите и потребите на родителите на деца со аутизам и како тие се однесуваат кон медиумите. На пример, истражувањето на Nikken и d'Hondt (2014) ги испитува родителските перцепции и практики поврзани со употребата на медиумите од страна на децата со аутизам. Во истражување на Ferguson и др. (2016) се откриваат ефектите на интервенции базирани на компјутерски медиуми врз когнитивните и социјалните вештини кај овие деца. Истражувањето на Ramdoss и др. (2012) се фокусира врз ефикасноста на различни технологии како интервенции за подобрување на когнитивните и комуникациските вештини кај децата со аутизам. Ова истражување ги анализира ефектите на компјутерските игри и интерактивните програми врз развојот на децата.

За социјалните медиуми, една студија на Vismara и др. (2013) анализира како интеракциите преку платформи како Facebook или други социјални мрежи можат да влијаат врз социјалната интеракција и комуникацијата кај овие деца. Истражувањето на Hourcade и др. (2013) ги истражува ефектите на мултимедиумските програми за обука и интеграција на децата со аутизам во училиштен контекст. Ова истражување ги анализира различните технологии и нивното влијание врз академските и социјалните постигнувања на децата. Во однос на интерактивните игри, истражување на Kuo и др. (2014) ги испитува ефектите на интерактивни игри за сметководство и математика врз когнитивните вештини и мотивацијата кај децата со аутизам. Ова истражување дава пример како игрите можат да бидат корисни за развој на специфични вештини кај овие деца. Овие истражувања го истражуваат разновидни аспекти на влијанието на медиумите врз децата со аутизам, вклучувајќи ги и социјалните, когнитивните и комуникациските аспекти. Тие даваат важни примери за разбирање како медиумите можат да имаат влијание врз овие деца и како тие влијаат врз нивниот развој.

# 3. ИСТРАЖУВАЧКА МЕТОДОЛОГИЈА

Целта на ова истражување е да се испитаат перцепциите на родителите и нивните ставови кон позитивните и негативните аспекти за употребата на медиумите од страна на нивните деца со аутизам, како и да се анализира како овие медиуми влијаат врз емоционалната регулација и социјализацијата на децата.

Во истражувањето се поставени и неколку хипотези.

**ОПШТА ХИПОТЕЗА:** Родителите на деца со аутизам имаат поделени ставови за влијанието на медиумите; тие гледаат значителен потенцијал за подобрување на комуникацијата и когнитивните способности, но се загрижени за можните негативни ефекти врз социјализацијата и сензорната чувствителност.

**ХИПОТЕЗА 1**: Родителите сметаат дека медиумите со внимателно избрана содржина (како релаксирачки видеа или апликации за управување со емоции) можат позитивно да влијаат врз способноста на децата со аутизам да се справуваат со своите емоции и можат да помогнат во развивање на социјални вештини кај децата со аутизам.

**ХИПОТЕЗА 2**: Родителите препознаваат дека образовните апликации и комуникациските алатки се најкорисни за когнитивниот и јазичниот развој кај нивните деца.

**ХИПОТЕЗА 3**: Родителите сметаат дека медиумите кои содржат интензивни визуелни и звучни ефекти (на пр., акциони видеа или игри) можат да предизвикаат сензорна преоптовареност и анксиозност кај децата.

Ова истражување користи квалитативен метод за да се добие комплетно разбирање на перцепциите на родителите за користењето на медиумите од страна на нивните деца со аутизам. Дизајнот на истражувањето вклучува полуструктурирани интервјуа и дневници. Бројот на учесници е 22 родители на деца со аутизам. Критериуми за вклучување се родители на деца на возраст од 5 до 18 години со дијагностициран аутизам. Методот на селекција беше направен така што учесниците беа избрани преку е-пошта, испратена до родители преку бази на податоци на тераписки центри, родителски здруженија и училишта, со претходна дозвола од релевантните институции, а исто така и со професионални упатувања, односно професионалци кои работат со деца со аутизам упатуваа родители кон истражувањето, со цел да обезбедат релевантен примерок. Беше истакнато дека учеството е доброволно, анонимно и дека податоците ќе се користат исклучиво за научни цели. Примерокот опфаќа родители со различно образовно и економско ниво.

Инструментите за собирање на податоци кои беа применети: полуструктурирани интервјуа – за добивање длабински и субјективни перцепции на родителите. Интервјуата вклучуваат отворени прашања за искуствата и ставовите на родителите за употребата на медиумите од нивните деца. Интервјуата се снимани и транскрибирани за подоцнежна анализа, се анализираат преку тематска анализа за да се идентификуваат главните теми и модели во перцепциите и искуствата на родителите.

Дневници – следење на дневните активности поврзани со користењето на медиумите и емоционалната регулација. Родителите водеа дневници во период од 4 недели. Родителите добија претходно дизајниран шаблон со јасно дефинирани полиња за секој

запис. Полињата вклучуваат датум и време кога се користеле медиумите. Типот, односно видот на медиумот (апликација, видеа, игри, ТВ-програми). Друго поле е времетраењето, односно колку време детето користело медиуми. Емоционална состојба пред употребата на медиумот (на пример, анксиозност, радост, фрустрација) и по употребата на медиумот (забележано подобрување, влошување или одржување на состојбата). Специфични однесувања забележани за време на употребата (на пример, фокусираност, одбивање, прекумерна возбуда). Податоците од дневниците се анализираат за да се проучи употребата на медиумите и нивното влијание врз емоционалната регулација. Оваа методологија овозможи детална и сеопфатна анализа на перцепциите на родителите со целосна валидација и доверливост. Сите учесници се информирани за целта на истражувањето и потпишаа информирана согласност, а податоците им беше кажано дека се користат само за целите на истражувањето. Сите лични информации се деидентификувани за да се заштити приватноста на учесниците. Резултатите од интервјуата се споделени со учесниците за проверка на точноста на интерпретацијата.

## 4. КОНСТАТАЦИИ/ РЕЗУЛТАТИ

Резултатите кои произлегоа од интервјуата се делат на два вида ефекти: позитивни и негативни.

Позитивни ефекти од користење на медиумите се:

- Поголемиот дел родители сметаат дека образовните програми, апликации и интернет-ресурси им помагаат на нивните деца да научат нови информации и вештини.
- Некои родители изјавуваат дека медиумите, особено видеоигрите и социјалните мрежи, им помагаат на децата да се поврзат со врсниците и да изградат социјални врски.
- Гледањето омилени програми и слушањето музика им помага на децата да се опуштат и да се смират по напорен ден.

Негативни ефекти на медиумите:

- Нервоза и раздразливост: Многу родители забележуваат дека продолженото користење на видеоигри и други интерактивни медиуми доведува до зголемена нервоза и раздразливост кај децата.
- Проблеми со спиењето: Некои родители истакнуваат дека користењето на медиумите непосредно пред спиење води до проблеми со заспивањето и нарушување на спиењето.
- Зависност од медиумите: Неколку родители изразуваат загриженост дека нивните деца стануваат зависни од медиумите и тешко се одвојуваат од екраните.

### СУМИРАНИ РЕЗУЛТАТИ:

Образовните медиуми и апликации се многу корисни за когнитивниот и едукативниот развој на децата со аутизам, 18 од 22 родители истакнуваат дека користењето образовни

програми и апликации има позитивен ефект врз когнитивниот развој на нивните деца.

Видеоигрите и интернетот имаат потенцијал за подобрување на социјализацијата, но истовремено можат да предизвикаат нервоза и раздразливост; 8 од 22 родители забележале дека видеоигрите помагаат во социјализацијата на нивните деца, но 14 од нив исто така забележале негативни ефекти како нервоза и раздразливост.

Родителите забележуваат проблеми со спиењето и зависност од медиумите како негативни ефекти; 16 од 22 родители изразиле загриженост за зависност од медиумите и тешкотии при ограничувањето на времето пред екран.

Дневниците и анализата на нивните записи овозможуваат детален преглед на тоа како различните типови на медиуми влијаат врз емоционалната состојба на децата со аутизам. При анализа на дневниците, забележано е дека децата користат медиуми во различни периоди од денот за различни цели – во утринските часови најчесто за релаксација, во попладневните – за игри и во вечерните – за образование или релаксација. Забележана е позитивна емоционална реакција по гледањето на омилени ТВ-програми и користењето образовни апликации, додека нервозата и фрустрацијата најчесто се поврзани со играњето на видеоигри. Одредени дневници покажуваат разновидност во употребата на различни медиуми во текот на денот, што покажува како децата времето го делат помеѓу образовни и забавни активности. Во однос на емоционалните реакции, децата покажуваат позитивни емоционални реакции како радост, интерес и концентрација додека учествуваат во различни медиумски активности. Ова покажува дека правилно избраниот тип на медиуми може да стимулира позитивни емоции и интерес кај нив. Иако има и негативни емоции при играње видеоигри, другите активности, како гледањето образовни видеа и слушањето музика, предизвикуваат позитивни емоции како интерес, опуштање и концентрација.

Анализа на дневниците во однос на фреквенцијата на користењето на медиумите: во одредени дневници се покажува како во различни делови од денот се користат медиумите. Утринските часови се најчесто резервирани за образовни содржини, како образовни апликации и детски програми на ТВ. Попладневните часови се најчесто за игри, вклучувајќи видеоигри и мобилни апликации. Вечерните часови се користат за релаксација со ТВ и интернет-содржини. Анализата на резултатите од дневниците овозможуваат детален преглед на тоа како различните медиуми влијаат врз нивната емоционална состојба, социјални вештини и когнитивни функции. Во зависност од резултатите, може да се направат приспособувања и измени за подобрување на квалитетот на интеракцијата и развојот на детето. Се согледува кои образовни медиуми (едукациски видеа, интерактивни едукативни игри) ги поттикнуваат когнитивните вештини и знаењата. Се согледува како забавните медиуми: видеоигри, филмови, музика, го стимулираат интересот и развојот на креативни и социјални вештини, како друштвените медиуми или апликации за интеракција со други ја подобруваат или ја намалуваат комуникацијата. Емоционални реакции се застапени во два вида позитивни и негативни реакции, односно вклучување во активности што предизвикуваат радост, интерес, опуштање и задоволство, како и примери кои покажуваат фрустрација или страв од одредени видови активности. Во однос на временските аспекти, прикажани се резултати од фреквенцијата на користење, колку често се учествува во различни видови медиуми и како тоа влијае врз дневната рутина и интересите на детето. Прикажана е и временската дистрибуција, како времето одделено за различни медиуми е распределено во текот на денот и како ова влијае врз енергијата и концентрацијата на детето. Резултатите ја потврдуваат општата хипотеза дека родителите имаат поделени ставови за влијанието на медиумите, препознавајќи придобивки и ризици, во зависност од типот на медиумот и контекстот на употреба. Се потврдија сите хипотези во истражувањето. Хипотеза 1: Потврдена со варијации кај социјалните вештини. Хипотеза

2: Потврдена, особено во структурирани и едукативни контексти. Хипотеза 3: Потврдена, со јасни докази за сензорна преоптовареност и анксиозност.

## 5. ДИСКУСИИ И ЗАКЛУЧОЦИ

Медиумите имаат значителен позитивен ефект врз когнитивниот и социјалниот развој на децата со аутизам, но е потребно внимателно следење и ограничување на времето пред екран за да се минимизираат негативните ефекти.

Родителите играат клучна улога во регулирањето на користењето на медиумите и треба да бидат едукативни и внимателни при изборот на содржините кои ги консумираат нивните деца.

Потребни се дополнителни истражувања за да се подобри разбирањето на улогата на медиумите во животот на децата со аутизам и да се развијат насоки и препораки за нивно корисно и безбедно користење. Потребни се уште многу вакви истражувања за да се истражи како различните видови медиуми влијаат врз дневната рутина и интересите на децата со аутизам, да се идентификуваат најефективните методи и техники за вклучување на медиумите во образовниот и терапевтскиот процес за овие деца, а исто така и да се препорачаат практични стратегии за родителите, за наставниците и за терапевтите за поддршка и поттикнување на развојот на децата со аутизам преку медиумите.

Преку согледување на овие родителски перцепции, ги даваме следниве препораки:

- Едукација за родители, односно обезбедување на едукацијата и поддршката за родителите за ефективна употреба на медиумите. Ова може да вклучи работилници и обуки за родителите, како и развој на ресурси што ќе им помогнат да ги разберат и да управуваат со медиумската употреба на нивните деца.
- Креирање специјализирани медиумски програми за деца со аутизам. Овие програми треба да бидат дизајнирани за да ги поддржат потребите на децата и да им помогнат да ги развијат своите социјални и комуникациски вештини.
- Воведување мерки за регулација и надзор за безбедна употреба на медиумите. Ова може да вклучи развој на стандарди и насоки за безбедна медиумска употреба, како и воведување механизми за мониторинг и надзор.

Заклучоците од ова истражување се од големо значење за развојот на инклузивни политики за децата со аутизам. Истражувањето покажува дека медиумите можат да играат клучна улога во подобрување на емоционалната регулација и социјализацијата на децата со аутизам.  Родителите треба активно да учествуваат во користењето на медиумите, на пример, така што ќе гледаат видеосодржини со своите деца или ќе ги користат апликациите заедно со нив, за да ги поддржат во изразувањето на чувствата и развојот на социјалните вештини. По медиумската активност, ефикасно е да се дискутира за содржината и како се чувствувале, што ќе помогне во обработка на емоциите и социјалните аспекти на содржината.

Образовните апликации и комуникациските алатки значително го поддржуваат когнитивниот и јазичниот развој кај децата со аутизам, особено во структурирани

активности, но родителите треба да се фокусираат на апликации кои се специјализирани за когнитивни и јазични вештини, како што се оние кои вклучуваат вежби за препознавање букви, броеви или слики. Препорачливо е апликациите да се користат во соработка со терапевти или во контекст на образовни институции за да се обезбеди ефикасност. Да се ограничи времето за употреба, така што да не се користат медиумите прекумерно, за да не дојде до намалување на личната интеракција, која е исто така клучна за развојот. Медиумите со интензивни визуелни и звучни ефекти (како акциони видеа или видеоигри) предизвикуваат сензорна преоптовареност и анксиозност кај некои деца со аутизам, што укажува на потребата за внимателен избор на медиуми. Родителите треба да бидат внимателни со изборот на медиумски содржини кои содржат брзи и агресивни визуелни или звучни елементи, бидејќи тие можат да предизвикаат стрес и анксиозност. Родителите треба да создадат стратегии за смирување и да се посветат на активности кои ќе помогнат да се ослободат од стресот по гледањето на овие медиуми, како што се длабоко дишење или сензорни активности. Користењето медиуми треба да биде дел од балансиран дневен распоред кој вклучува и физичка активност и социјална интеракција со други деца.

## 6. ОГРАНИЧУВАЊА И НАСОКИ ЗА ИДНО ИСТРАЖУВАЊЕ

За идни и напредни истражувања во областа на медиумите и нивното влијание врз децата со аутизам, со цел да се подобри разбирањето и практиките во оваа област може да се направат голем број на лонгитудинални студии за развој и функционирање, односно истражувања кои ќе ги следат децата со аутизам на подолг период од време за да се проучи како употребата на различни видови на медиуми влијае на нивниот развој и функционирање. Ова може да вклучува анализа на социјалните вештини, комуникациските способности, сензорната реакција и вкупната социјална интеракција. Потребна е и анализа на различни дигитални платформи и апликации кои се дизајнирани да ги засилат специфичните вештини и потреби кај децата со аутизам. Истражувањето може да вклучува евалуација на тоа како овие интервенции влијаат врз автономијата, учењето и социјалната интеграција на децата. Потребни се истражувања за регулацијата и безбедноста на медиумите со проучување како родителите ги регулираат медиумите и како ги воспримаат ризиците поврзани со нив, како што се пристапот до несоодветна содржина или влијанието на продолженото експонирање на екрани. Најголеми ограничувања може да има при проучување на индивидуалните разлики и анализа како различни аспекти на аутизмот, како што се нивото на функционирање, чувствителноста на сензорни стимули и комуникациските способности, може да влијаат врз одзивот кон медиумите и употребата на технологијата. Овие аспекти се клучни за напредно разбирање на влијанието на медиумите врз децата со аутизам и за развивање ефективни интервенции и поддршка за нив и нивните родители. Развојот и спроведувањето на истражувања со ранливи групи бараат особена одговорност и внимание кон етичките и правните аспекти, со цел заштита на правата и интересите на учесниците. Кога се истражува со ранливи групи како децата или лицата со аутизам, истражувачите имаат посебна одговорност да ги почитуваат нивните права и интереси во сите фази на истражувачкиот процес. За секое истражување што вклучува ранливи групи,

треба да се добие етичко одобрение од компетентните лица. Согласноста на учесниците или на нивните законски засновани претставници е од суштинско значење. Истражувачите треба да се уверат дека учесниците или нивните претставници се разбираат со целите на истражувањето, со процедурите и со можностите и ризиците поврзани со учество. Истражувачите треба да се обидат да ја минимизираат инвазијата во приватноста на учесниците, особено кај ранливите групи каде што приватноста може да биде посебно важна. Треба да се разгледуваат специфичните потреби и можностите на учесниците со аутизам или други попречености. Ова може да вклучува користење на алтернативни комуникациски средства или приспособување на методите за собирање податоци. Истражувачите треба да се однесуваат со емпатија кон учесниците во истражувањето.

## ЛИТЕРАТУРА:


1. Alarcon-Licona, S., & Loke, L. (2017, June). Autistic children's use of technology and media: A fieldwork study. In Proceedings of the 2017 Conference on Interaction Design and Children (pp. 651–658). ACM.
2. An SK, Lee D (2010) An integrated model of parental mediation: the effect of family communication on children's perception of television reality and negative viewing effects. Asian Journal of Communication 20(4): 389–403.
3. Canadian Pediatric Society. (2017). Screen time and young children: Promoting health and development in a digital world. Pediatrics Child Health, 22, 461–477.
4. Capps, L., Kasari, C., Yirmiya, N., & Sigman, M. (1993). Parental perception of emotional expressiveness in children with autism. Journal of Consulting and Clinical Psychology, 61(3), 475–484.

# ПРИЛОЗИ

## Примери на дневници од родителите

Датум:
Време:
Тип на медиум:
Емоционална состојба (пред/по):
Однесување:

**Пример на дневник 1:**

- Ден 1:
  - 09:00 - 09:30: Гледање анимиран филм (емоционална состојба: среќен)
  - 15:00 - 15:45: Играње видеоигра (емоционална состојба: возбуден, раздразлив)
  - 20:00 - 20:30: Користење образовна апликација (емоционална состојба: мирен)

- Ден 2:
  - 10:00 - 10:30: Гледање детски програми (емоционална состојба: спокоен)
  - 14:00 - 14:45: Играње видеоигра (емоционална состојба: фрустриран)
  - 18:00 - 18:30: Гледање документарен филм (емоционална состојба: заинтересиран)

**Пример на дневник 2:**

- Ден 1:
  - 08:30 - 09:00: Гледање утринска ТВ програма (емоционална состојба: мирен)
  - 12:00 - 12:45: Играње видеоигра (емоционална состојба: возбуден)
  - 19:00 - 19:30: Користење мобилна апликација за учење (емоционална состојба: незаинтересиран)

- Ден 9:
  - 09:00 - 09:30: Гледање омилени цртани филмови (емоционална состојба: среќен)
  - 13:00 - 13:45: Играње онлајн-игра (емоционална состојба: нервозен)
  - 17:00 - 17:30: Гледање образовен документарен филм (емоционална состојба: незаинтересиран)

**Пример на дневник 3:**

- Ден 16:
  - 09:30 - 10:00: Гледање образовна серија (емоционална состојба: заинтересиран)
  - 13:00 - 13:45: Игра со апликација – сложувалка на таблет (емоционална состојба: концентриран)
  - 17:30 - 18:00: Гледање спортски активности (емоционална состојба: возбуден)

• Ден 22:

- 11:00 - 11:30: Играње едукативни игрици на компјутер (емоционална состојба: радосен)
- 15:30 - 16:15: Гледање документарен филм за природа (емоционална состојба: заинтересиран)
- 19:00 - 19:30: Играње интерактивни игри (емоционална состојба: вознемирен)

**Пример на дневник 4:**

• Ден 11:

- 10:00 - 10:30: Играње видеоигра (емоционална состојба: фрустриран)
- 14:00 - 14:45: Гледање анимирани филмови (емоционална состојба: спокоен)
- 18:30 - 19:00: Користење музичка апликација за слушање музика (емоционална состојба: опуштен)

• Ден 18:

- 09:30 - 10:00: Гледање едукациски видеа на интернет (емоционална состојба: незаинтересиран)
- 13:30 - 14:15: Играње стратегиска игра на компјутер (емоционална состојба: неконцентриран)
- 16:30 - 17:00: Гледање спортски предавања (емоционална состојба: возбуден)

# ЗА АВТОРИТЕ



## МАРИЈА ДАВЧЕВСКА

Марија Давчевска е Специјален едукатор и наставник-ментор која учествувала на повеќе од шеесет семинари, конгреси, симпозиуми и конференции во земјата и странство од областа специјалното образование, инклузивното образование и поддршка на училиштата да создадат инклузивна средина за учење. Автор е на повеќе од 30 трудови во домашната и странската периодика од областа на специјалното и инклузивното образование. Има искуство во спроведување развојни проекти од областа на инклузија, социјална инклузија, дискриминација како и организирање и подготовка на работилници, обуки и настани за наставен, стручен и помошен кадар, ученици, стручни служби од основни и средни училишта на полето инклузијата и вклученост во општеството, како и искуство во работа со претставници на граѓанскиот сектор. Таа е и добитник на признанието „9 ноември“ на град Велес во 2022 година за посебно ангажирање и придонес во унапредување на воспитно-образовната дејност за ученици со попреченост.



## ДЕЈАН ФИЛИПОВСКИ

Дејан Филиповски е специјален едукатор и рехабилитатор во Основното училиште „Маца Овчарова“, Велес, Северна Македонија.